Јавна здравствена установа
ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ-СКОПЈЕ
Institucion shëndetësor publik
QENDRA E SHËNDETIT PUBLIK-SHKUP
Бр.-Nr. 10 - 74/1
11 - 01 20 21 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.13/06, бр.86/08, бр.6/10 и бр.42/14, бр.148/15 и бр.55/16) **ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ – СКОПЈЕ**, со седиште на ул.3-та Македонска бригада бр. 18 Скопје, тел.02/ 3298 667; факс 02/ 3298 667; е-маил: info@cph.mk **(името на имателот на информацијата, адреса, телефон, факс, е-маил),** в.д. директор д-р. Besim Zeqiri **(името на одговорното лице)** го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 01.01.2020 до 31.12.2020)**

**1.** Податоци за службеното/те лице/а задолжено/и за посредување на информации кај имателите на информации: Магдалена Јованова, е-маил; m.jovanova@cph.mk; тел.02/ 3298 667, лок.172;

**2. Број на поднесени барања 5 –**

- 1(едно) барање поднесено на 26.03.2020 година, се однесува на активностите кои ги спроведува Центарот за јавно здравје – Скопје, како јавна здравствена установа од превентивна дејност, поврзано со прогласување на ограничена епидемија на морбили на територијата на општина Гази Баба, во која се бара актот со кој е прогласена ограничената епидемија, записник од седницата на која била донесена истата одлука, како и други документи за свикување на итната седница.

- Барањето е одговорено на 08.04.2020 година, во електронска форма, во прилог на барањето на барателот на информацијата, испратена е целата документација со која располага ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје, копија од информацијата и Пријава за заразна болест - Образец бр.4.

- 1(едно) барање поднесено на 28.04.2020 година се однесува на активности кои ги спроведува Центарот за јавно здравје - Скопје, како јавна здравствена установа од превентивна дејност, поаѓајќи од фактот дека Центарот за јавно здравје – Скопје, континуирано ја следи санитарно-хигиенската состојба на квалитетот на површинските води, податоците со кои располага центарот ќе преставуваат значаен извор за изработка на новинарска сторија за изградба на пречистителна станица за отпадни води во скопско село Трубарево, како и за придобивките што ќе произлезат од реализацијата на овој капитален објект.

- Барањето е одговорено во просториите на Центарот за јавно здравје - Скопје, од барателот и имателот на информацијата.

- 1(едно) барање поднесено на 30.06.2020 година се однесува на активностите кои ги спроведува Центарот за јавно здравје - Скопје, како јавна здравствена

установа од превентивната дејност, копија од извештаи од организираните предавања и трибини во разни средини согласно Програмата за рана детекција на малигни заболувања за 2019 година за компонента карцином на грло на матка; Програма за рана детекција на малигни заболувања на Република Македонија за 2019 година ( компонента карцином на грло на матка); листа на матични гинеколози кои не се вклучени во скринингот на карцином на грло на матка, а со кои Центарот за јавно здравје стапил во контакт во текот на 2019 година согласно Програмата за рана детекција на малигни заболувања за 2019 година за компонента (карцином на грло на матка); копија од сите фактури кои Центарот за јавно здравје ги има доставено до Министерството за здравство за извршени договорни услуги по Програмата за рана детекција на малигни заболувања (компонента карцином на грло на матка) за период од 01.јануари до 31 декември 2019 година; копија од извештаи кои ги има доставено до Министерството за здравство како прилог на фактура за извршени договорни услуги по Програмата на рана детекција на малигни заболувања (компонента карцином на грло на матка) за 2019 година; копија од извод на сметка на Центарот за јавно здравје - Скопје каде се евидентирани сите приливи од Министерството за здравство по основ на Програма за рана детекција на малигни заболувања ( компонента карцином на грло на матка) за 2019 година; примерок од кварталните извештаи за скрининг на рак на грло на матка за состојбата и постигнатите резултати, евалуација и мониторинг за 2019 година, согласно Програмата за рана детекција на малигни заболувања за 2019 година.

- Барањето на информацијата е одговорено на 27.07.2020 год. и испратено по пошта до барателот на информацијата. Во прилог на барањето се доставени сите копии од фактури, извештаи кои беа побарани од барателот на информацијата .

- 1 (едно) барање поднесено на 02.09.2020 година се однесува на активности кои ги спроведува ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје, информација за појава на заболување со знаци за труење од храна во период од 26.06.2020 до 10.07.2020 година, колку лица биле пријавени, дали е потврдено, дека истите конзумирале храна во сендвичарата Гранд Бурѓер ДООЕЛ – Скопје која се наоѓа на ул. Франклинд Рузвелд бр.63А и дали им е познато за која бактерија станува збор и дали се спроведени епидемиолочки анкети за труење од храна за конктретната сендвичара за период од 06 и 07 месец 2020 година.

- Барањето е одговорено на 14.09.2020 година, скенирано по пошта. Во прилог на одговорот на барањето доставени се Извештај бр.08-2334/1 од 07.07.2020 година, Информација за констатирана состојба; Пријава за заболување од 29.06.2020 и епидемиолоска анкета.

- 1 (едно) барање поднесено на 11.09.2020 година, здружението на граѓани Иницијатива за развој и инклузија на заедниците – ИРИЗ - Скопје, работи на територијата на општина Шуто Оризари во унапредување на пристапот на лица од најранливите категории до своите здравствени, социјални и образовни права преку обезбедување на параправна помош и подддршка , информирање и едукација за остварување на своите здравствени права и права како пациенти. Во период на пандемија, како Здружение на граѓани подржани од Фондацијата Отворено Општество Македонија – ФООМ, работиме во превенција и информирање

на ромската заедница согласно мерките и препораките на Владата на Република Северна Македонија со цел спречување на заразата со COVID -19. Со цел за навремено и превентивно спречување на ширењето на вирусот COVID -19 во заедницата, Здружението на граѓани Иницијатива за развој и инклузија на заедниците - Скопје има потреба од информации од Центарот за јавно здравје-Скопје како институција надлежна за бројната состојба на заболени.

- Барањето е одговорено на 14.09.2020 година на барателот на информацијата, и упатен до институцијата која располага со бараните податоци по недели, месеци и општини. Центарот за јавно здравје- Скопје не е имател на информацијата.

3. Број на позитивно одговорени барања - 5;

4. Број на одбиени барања со наведување на причините за секое одбиено барање - нема;

5. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија и заклучоци) на имателите на информации, со опис на одлуката како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација - нема

6. Број на усвоени жалби со одлука на Комисијата - 1;

7. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Комисијата – нема;

8. Број на одбиени жалби од Комисијата и причини за нивно одбивање - нема;

9. Број на отфрлени жалби од Комисијата и причини за нивно отфрлање - нема;

10. Број на случаи на молчење на Комисијата – нема;

11. Број на барања за поведување прекршочна постапка и поведени прекршочни постапки - нема;

12. Број и видови на изречени прекршочни санкции - нема;

13. Број на поведени управни спорови против конечната одлука на Комисијата - нема;

14. Број и список на донесени судски одлуки во кои тужбата на барателот во управниот спор е позитивно решена, како и наведување на причините на кои се темели одлуката на надлежниот суд - нема.

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 37 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

**Скопје, 11.01. 2021 година**
**(Место и датум)**

**(Имател на информации-печат)**

**Besim Zeqiri**
**Спец. по оториноларингологија**
**(одговорно лице - потпис)**